MQS

Бр. 09-1020/2
22.03.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1020/1 од 05.03.2019 година, поради постапување на надлежен орган.

Предметот со број 09-1020/1 од 05.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1020/1 од 05.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Во пријавениот случај е наведено дека во една здравствена институција во една општина е објавен јавен оглас за вработување на медицински сестри, каде конкурирал и самиот пријавувач. Од доставената ранг-листа на пријавени кандидати составена од збирот на бодови од просек на успехот и бодови од стручен испит не се избрани најдобрите кандидати, така што пријавувачот не е примен. По доставена жалба до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, истата одлучила дека жалбата од пријавувачот е неоснована со образложение дека согласно член 161 став 1 од Законот за здравствена заштита, работоводниот орган на здравствената установа има дискреционо право да изврши избор на било кој од предложените кандидати од ранг листата кои ги исполнуваат условите објавени во огласот.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по изјаснување на Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по предметот со број 09-1020/1 од 05.03.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk